О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА


| 18 Јули 2016 година | Гевгелија | Број 7 | Година XXXIX |
|---|---|---|---|

Врз основа на член 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 год.) и член 89 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, расправајќи по Предлог-Годишниот извештај за работата на Југоисточниот плански регион за 2015 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Југоисточниот плански регион за 2015 година.

2.Еден примерок од Заклучокот да се достави и до Југоисточниот плански регион.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1707/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 34 од Законот за основното одделение ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 година), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година од Министерството за образование и наука) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Со ова Решение се дава позитивно мислење на Програмата за реализирање на тридневна екскурзија со учениците од 9-то одделение при ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, којашто ќе се реализира во септември/октомври 2016 година.

2.Програмата е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1708/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 34 од Законот за основното одделение ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 година), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните

училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година од Министерството за образование и наука) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Со ова Решение се дава позитивно мислење на Програмата за реализирање на тридневна екскурзија со учениците од 5-то одделение при ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, којашто ќе се реализира во деновите 26, 27 и 28 октомври 2016 година.

2.Програмата е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1709/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драѓи Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на членовите 8, 9, 10 и 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.106/06г.), и член 14 став 1 точка 10 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија, на 49-тата седница одржана на 15.07.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување паричен надоместок за граѓаните коишто ќе бидат повикани за учество во просторните сили за заштита и спасување во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на паричниот надоместок за граѓаните коишто ќе бидат повикани заради извршување на должностите од областа на заштитата и спасувањето, а во врска со учеството во просторните сили за заштита и спасување, коишто ги формира општина Гевгелија.

**Член 2**

Висината на паричниот надоместок за вклучување на граѓаните во просторните сили за заштита и спасување во општина Гевгелија ќе изнесува 800 денари на ден, според Записникот за евиденција на повикани и излезени граѓани за извршување на должностите од областа на заштитата и спасувањето.

**Член 3**

Средствата за паричниот надоместок на граѓаните заради нивното учество во просторните сили за заштита и спасување во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1710/1 — Претседател
18.07.2016 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 104-а од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11, 157/11 г.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 15.07.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување членови на Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост"-Гевгелија**

1.Во Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост"-Гевгелија, поради истек на четиригодишниот мандат, се разрешуваат следниве членови:

- Душко Андонов од Гевгелија, дипломиран економист,
- Крум Мишев од Гевгелија, дипломиран економист,
- Вангел Срнаков од Гевгелија, дипломиран правник,
- Зорица Јованова од Гевгелија, дипл. Професор за предучилишно образование,
- Томе Чабулев од Гевгелија, дипломиран правник.

2.Еден примерок од ова Решение да се достави до разрешените членови.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1711/1 — Претседател
18.07.2016 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 104-а од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11, 157/11 г.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 15.07.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови на Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост"- Гевгелија**

1.Во Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост"-Гевгелија, се именуваат следниве членови:

- Олгица Рајковиќ од Гевгелија, дипломиран економист,
- Крум Мишев од Гевгелија, дипломиран економист,
- Вангел Срнаков од Гевгелија, дипломиран правник,
- Елизабета Митрова од Гевгелија, дипл. професор за одделенска настава,
- Томе Чабулев од Гевгелија, дипломиран правник.

2.Еден примерок од ова Решение да се достави до именуваните членови.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1712/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став 1 точка 35 и член 89 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, расправајќи по Предлог – Годишниот извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за 2015 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на територија на општина Гевгелија за 2015 година, и забелешките по дискусијата за него.

2.Еден примерок од овој Заклучок да се достави со Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1713/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став 1 точка 35 и член 89 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен

гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, расправајќи по Предлог – извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за првото полугодие на 2016 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на територија на општина Гевгелија за првото полугодие на 2016 година, со забелешките од дискусијата по него.

2.Еден примерок од овој Заклучок да се достави со Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1714/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драѓи Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија, на 49-тата седница одржана на 15.07.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување локација за изградба на мини-депонија од времен карактер за комунален отпад во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува локацијата за изградба на мини-депонија од времен карактер за собирање комунален отпад во општина Гевгелија, како и начинот за нејзиното користење.

**Член 2**

Времената депонија ќе биде сместена на КП бр.117 КО Ново Конско, во м.в. "Караорман", катастарска култура–пасиште, сопственост на Република Македонија, со вкупна површина од 938.784 м2, запишана во имотен лист бр.53 КО Ново Конско, издаден од Агенција за катастар за недвижности – Гевгелија.

Времената депонија ќе зафаќа дел од вкупната површина на наведената КП, односно површина од 20.000 м2.

**Член 3**

На времената депонија ќе се депонира комунален отпад од општина Гевгелија, што го создаваат физички и правни лица.

**Член 4**

Постапката за изработка на проектот и изборот на изведувачот ќе биде организирана од Канцеларијата за Програмата за развој на ОН (УНДП) во Република Македонија.

**Член 5**

Времената депонија ќе биде во функција се до изградбата и функционирањето на предвидената Регионална санитарна депонија во Југоисточниот плански регион.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1715/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 34/14, 155/14, 199/14, и 217/15 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, ја дава следнава

**И З Ј А В А**
**За согласност за утврдување правен статус**
**на бесправно изграден објект**

1.Општина Гевгелија се согласува на деловниот објект изграден на КП бр.3240 КО Негорци, сопственост на општина Гевгелија, да се утврди правен статус на бесправно изграден објект.

2.Деловниот објект, сопственост на Деан Атанасов од Негорци, подносител на барањето за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, е изграден пред влегувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 34/14, 155/14, 199/14, и 217/15 год.).

3.Изјавата да се достави до подносителот на барањето за легализација на бесправно изграден објект.

4.Оваа изјава ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1716/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 34/14, 155/14, 199/14, и 217/15 год.), член 2 став1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно

изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14 год.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, ја дава следнава

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.750 КО Давидово**

1.Со оваа Одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичка планска документација (УП за с.Давидово), со која ќе се врши вклопување на основно школо – училиште (В1) на КП бр.750 КО Давидово, во класа на намена В1-образование и наука, поднесено со УП 1 бр.09-3548 од 02.09.2011 год. од барателот општина Гевгелија.

2.Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1717/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 34/14, 155/14, 199/14, и 217/15 год.), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14 год.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, ја дава следнава

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.6743 КО Гевгелија**

1.Со оваа Одлука се утврдува потребата за донесување на измена на ДУП НА Гевгелија, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект, на дел на КП бр.6743 КО Гевгелија во класа на намена Б-деловен објект, кој простор согласно на планската документација е со намена В-јавни институции. Објектот се наоѓа на јавна пешачка површина (тротоар на ул."Јосиф Јосифовски").

2.Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1718/1 Претседател
18.07.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 89-а став 1 алинеа 3 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.07.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија за проектот "ВОВЕДНА ОБУКА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС"**

1.Се усвојува финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за проектот "ВОВЕДНА ОБУКА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС", за периодот јули-декември 2016 година, по ставки и потставки на донаторската сметка 7150108249 785 50.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1719/1
18.07.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 36 став 4 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15 год.), и член 38 став1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.07.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година, којшто е објавен во "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/15 година, во делот на буџетот на кредити и донации, на следниот начин:

Потпрограма и назив на потпрограмата
Потставка и опис на потставката Буџет Самофинанс. Дотации Донации Кредити

1.Се зголемуваат приходите на следните потставки:

**А00 СОВЕТ НА ОПШТИНАТА**
**754111 Други домашни задолжувања** **40.000.000**

| | |
|---|---|
| **742114 Приходи од Европската унија** | **16.120.000** |
| **742119 Други општи и тековни донации** | **1.720.000** |

И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки на кредити-786 и донации – 785.

| | |
|---|---|
| **ЈГ0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | |
| **482720 Изградба на капацитети за водоснабдување** | **40.000.000** |
| **ЈГ0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | |
| **482720 Изградба на капацитети за водоснабдување** | **16.120.000** |
| **Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| **420230 Патување во странство-сместување** | **1.715.000** |
| **426990 Други оперативни расходи** | **5.000** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија" и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година.

Бр.09-1720/1
18.07.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Заклучок по Годишен Извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2015 година ...................... 183

2.Решение за давање согласност за реализација на 3-дневна екскурзија со учениците од 9-то одделение при ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, која ќе се реализира Септември/Октомври 2016 година .... 183

3.Решение за давање согласност за реализација на 3-дневна екскурзија (настава во природа) со учениците од 5-то одделение при ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, која ќе се реализира во деновите од 26-28.10.2016 г.............................................................................. 184

4.Одлука за утврдување паричен надоместок за граѓаните коишто ќе бидат повикани за учество во просторните сили за заштита и спасувањето во општина Гевгелија ...................................................... 184

5.Решение за разрешување членови во Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјалното-финансиско работење на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија .................................................... 185

6.Решение за именување членови во Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјалното-финансиско работење на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија .................................................... 186

7.Заклучок по Извештај за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Гевгелија за 2015 година ........ 186

8.Заклучок по согласност по Извештајот за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на територијата на општина Гевгелија за периодот 01.01.2016-30.06.2016 година ................................................ 187

9.Одлука за утврдување локација за изградба на мини депонија од времен карактер за комунален отпад во општина Гевгелија ................ 187

10.Изјава за согласност за утврдување правен статус на бесправно изграден објект (деловен објект) изграден на КП бр.3240 КО Негорци, - сопственост на општина Гевгелија, (барател: Дејан Атанасов од с.Негорци) .......................................................................................... 188

11.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.750 КО Давидово, (барател: општина Гевгелија) ........................ 189

12.Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.6743 КО Гевгелија, (барател: Нада Петкова од Гевгелија) ............. 189

13.Решение за усвојување Финансов план на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за проектот: "Воведна обука за електронскиот бизнис" ........................................................................................................ 190

14.Одлука за зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година ........................................................................................ 190

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**